# БЕЌАРОВСКИ





УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА

# НАСО БЕЌАРОВСКИ

АКАДЕМСКИ СКУЛПТОР ОД СКОПЈЕ

25 X до 10 XI 1978



НАСО БЕЌАРОВСКИ, роден 1938 во с. Желово (Егејска Македонија). Завршил академија за ликовна уметност во Белград 1963 год.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1962 — Скопје (со Глигор Чемерски; 1967 — Струмица; 1974 — Скопје) 1978 — Куманово.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1960—1963 — во Белград „југословенска млада уметност“, 1967 — Скопје „Современа македонска скулптура“ — млада генерација, — Нови Сад „Современа македонска скулптура“ — млада генерација; Скопје — „Современа македонска скулптура 1967“: Аспекти на цртежот во Македонија“; Струмица — „Струмичка ликовна колонија“; 1969 — Скопје „25 години од АСНОМ“, во ФЕРАРА — Италија „Современа македонска уметност“, 1970 — Скопје, „моето сакано дело“; 1971 — Белград „млада македонска генерација“; 1972 — Скопје „тенденции во македонската скулптура“; Струмица — „Струмичка ликовна колонија 1972“; Скопје — „Современи македонски скулптури“ — избор од колекцијата МСУ; 1975 — Белград „Современа македонска уметност“; Бања Лука „VII есенски и први интернационални

салон“; Сараево — „VI изложба на друштвото на ликовните уметници на Југославија“; Скопје — „жената како инспиратор на уметникот“, Скопје — ДЛУМ „цртеж 75“; 1976 — Белград, Народноослободителна војна во делата на ликовните уметници на Југославија“. Куманово, Битола и Струмица 1975 „ДЛУМ цртеж“ 1975; Скопје 1976 — „ДЛУМ цртеж 1976“; 1977 — Скопје „Тито и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници“; Загреб — „Современа македонска уметност“, Приштина „II Бијенале на цртеж“, Скопје VIII графичка изложба на ДЛУМ“; Скопје „ДЛУМ цртеж 1977“. 1978 — Скопје „IX графичка изложба на ДЛУМ“; Бања Лука „Современа македонска уметност — од циклусот современа ликовна уметност на народите и народностите на СФРЈ“; Пореч „АНАЛЕ 1978“; Битола III триенале на југословенска графика. Од 1965 година учествува на сите изложби на ДЛУМ.

СТУДИСКИ ПАТУВАЊА: 1978 Краков — Полска.

НАГРАДИ:

Награда на ДЛУМ за скулптура „НЕРЕШЕНИ МАЈСТОРИ“ во Скопје 1974, Награда за цртеж на НУБ „Климент Охридски“ 1975, Награда на ДЛУМ за графика „МОША ПИЈАДЕ“ 1978 г.

Адреса: Ул. „Христијан Тодоровски — Карпош“
бр. 86-б, Скопје



„Првата голема свеченост“

*Насо Беќаровски припаѓа на младата генерација. Од неговиот почеток до денеска, временски творечкиот пат не е долг, колку е брз и плоден. Тој успеа со својот рапиден и квалитетен развој да се сврсти во редот на најдобрите скулптори во Републиката и надвор од неа, барајќи го своето место кон врвот. Ова што денеска ни го презентира Беќаровски е уште една потврда за големиот достиг и афирмација на македонската современа скулптура.*

*Анализирајќи ги делата на Беќаровски не е тешко да се препознае неговата порака. Тоа е историјата и секојдневието на нашиот народ. Неизмерениот револт против сите црнила на минатото и восхит кон сè што е достоинствено и светло. Глорификација на секоја победа, на секоја придобивка и протест против сè што е антихумано во светот. Тоа е во дослух со тагата и радостите, со бесот и болот, со чемерот и грчот, со восхитот и опсената. Со еден збор, тоа е драмата и трагедијата на сето она што го носи авторот со себе за збиднувањето од порано и сега. За посилно искажување авторот се задржал на материјалот метал, сметајќи дека тој со својата форма и структура најдобро ќе одговори за реализација на идејата, решавање на експанзијата на внатрешната напнатост и желба таа логично да резултира со еден одреден сензибилитет како потреба да се осигури трајноста на скулптурата како нова реалност, па и одтаму авторот инсистир на адекватен материјал како и обработка и комбинацијата со дрвото за создавање на единството во пластичното искажување, материјализирање на идејата како и осмислување на материјалот. Со боењето на некои површини, материјалот со идејата доживува потполна афирмација. Бојата како ликовен елемент во овој случај е составен дел на формата, таа идејно ја дефинира и во исто време прави хомогено единство на нејзината материјална егзистенција. Отвореното алудирање во изразувањето на драмата на еден народ Беќаровски ја покажува и со самите наслови на делата како дополна и објаснение на пластичната страна.*

*Видливо творечкиот пат на Беќаровски се движи од неговата порано експресивна — фигуративна пластика кон апстракно — асоцијативен израз со симболични елементи. Организација на формите авторот со сигурност ги поставува околу централното езгро кое најсугестивно ја асоцира неговата порака, поставувајќи ги ритмично сјајно полираните површини и на истите спротивставувајќи им ги рустично разиграните гранулирани и минициозно обработени партии. Несомнено, постигнатото високо ниво и значајни пластични квалитети се должат на големата смелост и слобода во истражувачкиот дух на Беќаровски кој ќе продолжи во тој правец за понатамошно развивање и усовршување на сегашноста.*

*Тане — Гарски*



„Мета во виорот“



„Музиката на непобедениот“

## КАТАЛОГ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | МАКЕДОНСКО ДЕНОНОЌИЕ, 1969, метал-дрво | 73 x 90 x 28 см. |
| 2. | ИНВАЗИЈА, 1969, метал, | 73 x 65 x 23 см. |
| 3. | ИКАР, 1970, дрво-метал, | 73 x 66 x 30 см. |
| 4. | ВЕКОВЕН СИМБОЛ, 1972, метал, | 130 x 60 x 34 см. |
| 5. | ФАКЕЛ, 1972, метал-дрво, | 160 x 56 x 26 см. |
| 6. | МУЗИКАТА НА НЕПОБЕДЕНИОТ, 1974, метал, | 135 x 63 x 50 см. |
| 7. | ТОЧКА НА ИНТЕРЕСОТ, 1974, метал, | 66 x 60 x 31 см. |
| 8. | МЕТА ВО ВИОРОТ, 1974, метал, | 66 x 40 x 37 см. |
| 9. | ОРЕВ И ЧЕЛУСТ, 1974, метал-дрво, | 74 x 60 x 28 см. |
| 10. | ВО ОЧЕКУВАЊЕ НА ЗОРАТА, 1974, метал-дрво, | 89 x 22 x 28 см. |
| 11. | ТОТЕМ, 1976, метал, | 70 x 40 x 32 см. |
| 12. | СУТЈЕСКА, 1975, метал, | 175 x 55 x 52 см. |
| 13. | ПРИКЛЕШТЕНО Е ЈУЖНОТО СОНЦЕ, 1976, метал, | 75 x 55 x 45 см. |
| 14. | ВИНО НА ЈУЖНОТО НЕБО, 1976, метал, | 65 x 50 x 41 см. |
| 15. | КРИЛА И МОЛЊА, 1975, метал, | 115 x 41 x 40 см. |
| 16. | ЖИВОТОТ ПОЧНУВА, 1975, метал, | 100 x 50 x 58 см. |
| 17. | ПРВАТА ГОЛЕМА СВЕЧАНОСТ, 1974, метал, | 74 x 50 x 17 см. |
| 18. | ФОРМИ ОД ПРИРОДАТА „ГЛАВА“, 1976, камен, | 22 x 15 x 12 см. |
| 19. | ФОРМИ ОД ПРИРОДАТА „НАГРИЗАНА СОСТОЈБА“, 1977, камен, | 23 x 20 x 13 см. |
| 20. | ФОРМИ ОД ПРИРОДАТА „ВНАТРЕШЕН ЖИВОТ“, 1977, камен, | 25 x 15 x 12 см. |
| 21. | ФОРМИ ОД ПРИРОДАТА „ЕРУПТИВНО ДВИЖЕЊЕ“, 1977, камен, | 28 x 20 x 12 см. |
| 22. | ФОРМИ ОД ПРИРОДАТА „ПТИЦА“, 1977, камен, | 25 x 21 x 18 см. |

### Цртежи и Графики

| | | |
|---|---|---|
| 1. | РАСПУКАНИ СТЕГИ, 1975, цртеж — туш-перо, | 70 x 50 см. |
| 2. | ПРВИОТ ОГНОМЕТ, 1975, цртеж — туш-перо, | 70 x 50 см. |
| 3. | ПРИКЛЕШТЕНО Е ЈУЖНОТО СОНЦЕ, 1975, цртеж — туш-перо, | 70 x 50 см. |
| 4. | ЖИВОТОТ ВО ОКЛОП, 1978, цртеж — туш-перо, | 70 x 50 см. |
| 5. | ЛЕБ И ГЛАД, 1977, цртеж — туш-перо, | |
| 6. | ПРВИОТ ОГНОМЕТ I, 1977, графика, сито-печат, | 70 x 50 см. |
| 7. | ПРВИОТ ОГНОМЕТ II, 1977, графика, сито-печат, | 70 x 50 см. |
| 8. | СКУЛПТУРА И СКУЛПТУРСКИ ЕЛЕМЕНТИ, 1977, графика, сито-печат, | 70 x 50 см. |
| 9. | ШКОЛКА „ЖИВОТ ВО ОКЛОП“, 1978, графика, сито-печат, | 66 x 50 см. |



